Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 31.10.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5321 | 1 | |

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# ИЗВЕШТАЈ
## од редовниот административен надзор на радио програмските сервиси на државно ниво, емитувани на 1 октомври 2014 година

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење административен надзор беа:

- обврските од член 12 од Законот за медиуми (Импресум) и
- обврските од член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците).

***Констатации:***

Со мониторингот на снимките од програмските сервиси на: Македонско радио – Прв програмски сервис, Македонско радио – Втор програмски сервис, Македонско радио – Трет програмски сервис, Трговско радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје, Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, Радиодифузно трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје и на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, од 1 октомври 2014 година, е констатирано дека некои од обврските за објавување податоци кои произлегуваат од член 12 од Законот за медиуми и член 51 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се исполнуваат делумно и недоследно, а некои воопшто не се исполнуваат.

Имено, станува збор за две обврски:

- Едната е спој од одредбите од член 12 ставови 1 и 2 од Законот за медиуми и член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а се однесува на објавување податоци преку кои гледачите и слушателите можат да го идентификуваат програмскиот сервис (импресум). Радиодифузерите треба овие информации да ги објавуваат на почетокот или на крајот од аудио, односно аудиовизуелните програмски сервиси.

- Втората се однесува на член 12 ставови 1 и 3 од Законот за медиуми, односно на податоците со чие објавување се идентификуваат поединечните содржини - емисии, програмски блокови или новинарски прилози. Овие податоци се емитуваат на соодветно место во емисијата/програмскиот блок/прилогот.

Неколку од мониторираните радиодифузери, на своите програмски сервиси објавуваат импресум (кој кај дел од нив е нецелосен), а неколку не објавуваат ниту една од предвидените информации. Што се однесува на информациите за поединечните емисии, програмски блокови или новинарски прилози – најчесто се идентификуваат водителите на програмата (некогаш и само по име без презиме), понекогаш (обично кај дневно - информативните програми) уредниците, новинарите - автори на одредени прилози и техничкото водство.

***<u>Предлог мерка:</u>***

Резултатите од административниот надзор упатуваат на тоа дека поголемиот дел од радио програмските сервиси не се запознаени со овие обврски или барем не целосно. Исто така, поради специфичностите на текот на радиопрограмата, каде се мора да се соопшти вербално (за разлика од телевизијата), можно е да постои недоумица како да се исполнат некои од обврските. Поради тоа, а имајќи предвид дека ова е прв административен надзор врз радио програмските сервиси, предлагаме до сите радија (на државно, регионално и локално ниво) да се испрати општ допис – укажување во кое ќе се прецизира начинот на остварување на обврските во зависност од содржината на која се однесуваат со следниве насоки:

1. Радијата треба најмалку еднаш дневно (по можност на почетокот од утринскиот дел од програмата) да ги објават податоците за идентификација на програмскиот сервис (импресум) и тоа:

- Името на давателот на аудио медиумската услуга, односно називот, заштитниот знак или сопствениот скратен идентификациски знак (авизо и слично) и фреквенциите;
- Адреса на седиштето и уредништвото на медиумот;
- Име и презиме на одговорното лице на медиумот;
- Име и презиме на одговорниот уредник, односно на уредниците, согласно со внатрешната организација на уредништвото;
- Податоци за контакт со медиумот - телефонски број, адреса на електронската пошта, и/или веб страницата;
- Името на надлежното регулаторно тело.

2. Кај дневно – информативните емисии (дневници, вести и сл.) и кај другите информативни емисии составени од повеќе новинарски прилози, радијата треба:

- На одјавната шпица да ги објават следниве податоци:
  - Името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис;
  - Името и презимето на одговорниот уредник на информативната редакција (доколку има);
  - Името и презимето на одговорниот уредник на конкретното издание на дневникот/вестите/информативната емисија;
  - Името и презимето на ко-авторите, односно лицето задолжено за техничкото водство на емисијата и други членови од екипата со значаен ангажман во изработка на прилозите/емисијата;
  - Датум на продукцијата (ден, месец и година);
  - Името на друг издавач на медиум од кој е преземен одреден прилог или дел од тој прилог, освен ако со меѓусебен договор поинаку не е уредено.

- Во текот на емисијата, на почетокот или на крајот од секој засебен прилог, да ги објават следниве податоци:
    - Име и презиме на новинарот – автор на објавениот прилог;
    - Име и презиме на монтажерот на објавениот прилог (и сниметелот на тонот доколку го имало).

3. Кај другите авторски емисии (информативни емисии кои не се програмска целина составена од повеќе новинарски прилози; музички, забавни, образовни, емисии од културата итн.), радијата треба:

- На најавната или одјавната шпица да ги објават следниве податоци:
    - Името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис;
    - Името и презимето на одговорниот уредник на редакцијата од која произлегува програмата (доколку има);
    - Името и презимето на уредникот/авторот/водителот на емисијата;
    - Името и презимето на ко-авторите, односно севкупната радио екипа со удел во целината на аудио и/или аудиовизуелното дело;
    - Датум на продукцијата (месец и година);
- Доколку е применливо, треба да објават и податоци за:
    - Името и презимето на авторите: сценарист/и, режисер и сниматели на тон;
    - Името и презимето на композиторот, ако музиката е суштински елемент на аудио делото;
    - Името и презимето на физичкото лице, односно називот на фирмата носител на авторските права;
    - Потекло на аудио делото, а доколку делото е создадено од независна продукција, тогаш информација за истото;
    - Името на правното лице, односно името и презимето на физичкото лице што го чува користеното културно добро или архивското дело, односно репродукцијата на делото;
    - Името на друг издавач на медиум од кој е преземен одреден прилог или дел од тој прилог, освен ако со меѓусебен договор поинаку не е уредено.

- Доколку во емисиите се емитуваат прилози од други автори, треба да се емитуваат најмалку имињата и презимињата на новинарот и монтажерот на прилогот (и снимателот на тонот доколку го имало).

- Овие обврски не се однесуваат на емитувањето поединечни музички спотови, меѓутоа, важат за аудио дела составени од низа музички спотови осмислени во посебна програмска целина преку новинарска/уредувачка интервенција.

4. Кај програмските блокови (утрински, пладневен, попладневен и сл.), радијата треба:

- На најавната или одјавната шпица да ги објават следниве податоци:
    - Името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис;
    - Името и презимето на водителот на емисијата;
    - Името и презимето на лицето задолжено за техничкото водство на емисијата, а доколку е применливо и музичкиот илустратор и други членови од екипата со значаен ангажман во изработката на програмскиот блок;
    - Датум на продукцијата (месец и година);

- Името на друг издавач на медиум од кој е преземен одреден прилог или дел од тој прилог, освен ако со меѓусебен договор поинаку не е уредено.

- Доколку во програмскиот блок се емитуваат прилози од други автори, треба да се емитуваат најмалку имињата и презимињата на новинарот и монтажерот на прилогот (и сниметелот на тонот доколку го имало).

5. Овие податоци треба да се објават на сите емитувани програми без оглед дали станува збор за сопствено производство на радиодифузерот, за копродукција, нарачана или купена програма.

*Датум на извршување на административниот надзор:*
*31.10.2014 година*